Во СОУ Гимназија ,,Славчо Стојменски,,-Штип, се извршува воспитно-образовна дејност која се планира, реализира и вреднува. Овие три компоненти се меѓузависни и неделиви, односно, со вреднувањето започнува планирањето на сите активности во училиштето.

Процесот на планирање ни овозможува поголема прегледност на целите и врз таа основа утврдување на приоритетите, поттикнува систематско размислување како да се соочиме со проблемите, да ги постигнеме саканите резултати и при тоа да владееме со промените за да бидат во функција на општо добро во воспитно-образовната дејност.

Што значи, за да се води и насочува работата, да се определи времето, начинот и критериумите на постигнатите разултати, потребно е:

 да се **планира** (планирање на важните активности пред почетокот на работата);

 да се **реализира** ( реализирање во пракса на она, што е планирано);

да се **провери-контролира** (проверување и оценување на резултатите);

 да се **превземат соодветни чекори** ( озаконување и стандардизирање на планираната активност).